Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 12.11.2021

На 11.11.2021 во 20.40 часот на подрачјето на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода С.З.(20) од Скопје, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2021 во 22.45 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.М.(41) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени таблетки. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2021 во 21.00 часот на подрачјето на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е лишен од слобода Г.Д.(25) од Скопје, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (12.11.2021) околу 22.55 часот, на регионалниот пат Маврови Анови-Дебар, од полициски службеници на Полициската станица за граничен надзор Жировница бил лишен од слобода А.Н.(19) од гостиварско Дебреше, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против А.Н. ќе биде изготвен поднесок.

На 11.11.2021 во 23.20 часот на подрачјето на Карпош полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Р.(23) од с.Крушопек, скопско, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.11.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 23 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 10 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 7 други видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило и 2 за управување возило под дејство на алкохол.

На 11.11.2021 год. околу 20.30 часот, на регионалниот пат Неготино – Кавадарци, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди", управувано од Д.П.(28), патничко возило „фолксваген голф", управувано од М.П.(32) и патничко возило „ауди", управувано од М.Р.(22), сите со неготински регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот М.П., а нејзиниот сопатник С.П.(30), возачот М.Р. и сопатничката Т.М.(25) се здобиле со телесни повреди, констатирани во болницата во Неготино. Бил извршен увид на местото на несреќата.

На 11.11.2021 во рамки на контролите во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 52 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола осум, четири за користење мобилен телефон, две санкции за возење повеќе од дозволената брзина.

На 11.11.2021 околу 23.00 часот на крстосница на бул.„Илинден" и ул.„Наум Наумовски Борче" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди", управувано од Н.Л.(26) од Скопје и патничко возило „шкода", управувано од И.Ј.(31) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со повреди се здобил возачот Н.Л., а со тешки телесни повреди се здобил неговиот сопатник Г.А.(30) од Скопје, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза", додека возачот И.Ј. и неговите сопатници И.Ч.(28) и Н.Ј.(28), двајцата од Скопје се здобиле со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 11.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 12 мерки и тоа 8 мерки против возачи кои ја пречекориле максималната дозволена брзина во населено место и 4 мерки за возачи кои ја пречекориле брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 11.11.2021 во 19.18 часот на ул.„Тошо Даскало" во Битола мопед „априлија", со битолски регистарски ознаки, управуван од малолетник, удрил во пешак Л.П.(79) од Битола. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Увидот го извршила увидната екипа на СВР Битола.

На 11.11.2021 во 16.25 часот во СВР Скопје Е.Т.(52) од Скопје пријавила дека на ул. „Пушкинова" нејзината 16-годишна ќерка била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото денонокие (11.11/12.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 65 прекршоци.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.М.(44) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 22.06.2021, при контрола на патничко возило „голф", кое пријавениот го управувал, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Г.Р.(42) од струшкото село Радолишта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој во текот на оваа година, на парцела на ул.„Ѓуро Салај" во Струга, без соодветно одобрение, изградил објект што бил спротивен на основниот проект. Од извршениот инспекциски надзор донесено е решение со кое на инвеститорот му се наложува да ги отстрани неправилностите на изграденИот објект.

На 11.11.2021 полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола на возила кои на подрачјето вршат јавен превоз. При контролата вкупно биле откриени и санкционирани 17 технички неисправни возила (ТЕ-8 и ГВ-9). Најголемиот број од нив (15) имале неисправни сопирачки (ТЕ-8 и ГВ-7), 1 возило (ГВ) било со неисправен уред за управување, а 1 не извршило технички преглед. Техничките неисправните возила веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се соодветни поднесоци по Законот за возила. При контролата, исто така, констатирани се и 18 други видови прекршоци (ТЕ-16 и ГВ-2), кои биле адекватно санкционирани. Покрај ова, во редовни контролни активности на тетовското подрачје биле откриени и санкционирани и 11 лица кои ги управувале возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа, како и 2 лица без дозволи на гостиварското подрачје. Санкционирани се и 8 непрописно паркирани возила (ТЕ-6 и ГВ-2), кои се и подигнати од „пајак-службите".

На 11.11.2021 во 21.30 часот на ул.„Анастас Митрев" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Н.(54) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.11.2021 во 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во својот стан на ул. „Никола Малешевски" во Скопје била пронајдена почината В.Б.(75) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство, а увид извршила екипа од Полициската станица Бит Пазар. По наредба на Јавен обвинител телото било предадено за обдукција.

На 11.11.2021 во 19.30 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје ги привеле Ф.Ј.(19) и Т.Ј.(51), двајцата од Скопје, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка поради семејно недоразбирање. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

ОВР Кратово поднесе кривична пријава против Љ.П.(34) од с.Талашманце, кратовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 16.10.2021 во казино во Кратово, пријавениот физички го нападнал К.Ј.(25) во Кратово.

На 11.11.2021 во 21.35 часот во СВР Скопје, Д.Ѓ.(22) од с.Идризово, скопско, пријавил дека околу 20.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, по претходна расправија, бил физички нападнат од Г.Ѓ.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против З.Н.(30) од Батинци, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 02.10.2021 на место викано „Лавчани" во Велес, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол SMITH&WESSON калибар 9 mm со една рамка со 17 куршуми, за кои немал дозвола.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Р.В. (44) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.09.2021 во Кичево, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и семки на растението канабис.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Е.И.(33) од с.Октиси, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 02.09.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја пронашле пријавената во својот дом и покрај тоа што имала решение за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против А.А.(38) од кичевското село Зајас, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 23.08.2021, полициските службеници не го пронашле пријавениот во неговот дом, со што постапил спротивно на решението за задолжителна изолација издадено од Државниот санитарен и здравствен инспекторат и на законските прописи за заштита на населението од Ковид-19.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет